ВЕЖБИ-ЕЛЕКТРОЛИТНА ДИСОЦИЈАЦИЈА, ЈОНСКИ РЕАКЦИИ, ЈОНСКИ РАВЕНКИ, pH

1.Напиши ги равенките на електролитна дисоцијација на водните раствори на (дисоцијацијата на повеќебазните киселини претстави ја во чекори):

азотна киселина, сулфурна киселина, фосфорна киселина, хлороводородна киселина, оцетна киселина, калиум сулфат, амониум хидроксид, амониум фосфат, стронциум хидроксид, калциум хлорид, натриум хидроксид, бакар(II) сулфат, бариум хидроксид.

2. Во раствор има вкупно 0,5mol оцетна киселина, од кои 0.025mol се дисоцирани. Пресметај го степенот на електролитна дисоцијација.

3. Колку изнесува концентрацијата на водородните јани ако pH вредноста на некој раствор изнесува: а) pH=3, б) pH=11, в) pH=7?

4. Колку изнесува вредноста на pH и каква е средината (кисела, базна) на раствор ако:

А) концентрацијата на водородните јони изнесува 1.10^{-3} mol/dm^3

Б) концентрацијата на хидроксидните јони изнесува 1.10^{-9} mol/dm^3

5.Напиши **хемиска, полна и ефективна јонска равенка** за реакциите меѓу (определи кои се јони набљудувачи) :

А) калиум јодид и олово(II) нитрат (талог олово(II) јодид)

Б) калциум хлорид и сребро нитрат (талог сребро хлорид)

В) натриум хидроксид и магнезиум хлорид (талог магнезиум хидроксид)

Г) бакар(II) сулфат и бариум хлорид (талог бариум сулфат)

Д) железо(II) нитрат и литиум хидроксид (талог железо(II) хидроксид)

Ѓ) натриум фосфат и калциум хлорид (талог калциум фосфат)

Е) бакар (II) сулфат и натриум хидроксид (талог бакар(II) хидроксид)

Ж) железо (II)хлорид и натриум хидроксид (талог железо(II) хидроксид)

И) калиум бромид и сребро нитрат (талог сребро бромид)

J) калиум јодид и сребро нитрат (талог сребро јодид)

K) калиум сулфат и бариум хлорид (талог бариум сулфат)

Л) олово (II) нитрат и калиум јодид (талог олово(II) јодид)

М) натриум сулфид и хлороводородна киселина (гас сулфуроводород)